Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 9, 2 јули 2008 година

јули 2008
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент на Педагошкиот Факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент по предметите Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот (Оддел за предучилишно воспитание и образование) и Методика на работа со надарени деца (Оддел за предучилишно воспитание и образование и Оддел за одделенска настава) на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент по предмети од областа *наоѓалишта на минерални суровини* на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање за наставно-уметничката област *вокално пеење* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 30

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Дигитална логика” од доц. д-р Цвета Мартиновска ........ 33

34

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

На редовната седница на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип од 2 јуни 2008 година, избрани сме за членови на Рецензентска комисија за изготвување реферат за избор на наставник во звањето доцент за предмети од научната област *педагогија*.

Изборот на наставникот за доцент е по предметите: *Предучилишна педагогија, Семејна педагогија* и *Социјална педагогија* на Одделот за одделенска настава и Одделот за предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

На распишаниот конкурс од страна на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, објавен во весникот „Дневник“ на 22 мај 2008 г., се јави само кандидатот д-р Борче Костов.

Врз основа на член 132, став 1 до 5 од Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр.35/2008), а во согласност со активите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Статутот и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, по увидот на целокупната приложена документација и познавање на академскиот раст на кандидатот, Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Анета Баракоска, претседател
2. доц. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, член
3. проф. д-р Блаже Китанов, член

има чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет да го поднесе следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Основни биографски податоци**

**Д-р Борче Костов** е роден на 20 октомври 1973 година во Скопје. Основно образование завршува во ОУ „Петар Здравковски - Пенко“ во Скопје, со континуиран одличен успех и примерно поведение, а средно образование завршува во училиштето „Моша Пијаде“, исто така со одличен успех.

Во учебната 1995/96 година дипломира на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за педагогија, со просечен успех 9,92 и диплома за најдобар студент на Филозофскиот факултет дипломиран во таа учебна година.

Од 1.10.1997 година работи на Педагошкиот факултет во Штип, како помлад асистент по предметите *Предучилишна педагогија* и *Семејна педагогија.*Истата година се запишува на постдипломски студии на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет.

На 27.11.2002 година на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје го одбранува својот магистерски труд на тема „*Соработката на наставниците со родителите на децата со посебни потреби*“ и се стекнува со звањето *магистер по педагошки науки.*

На 10.7.2003 година, Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ - Штип го избира во звањето асистент по предметите *Предучилишна педагогија* и *Семејна педагогија.*

На 22.4.2008 година на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје

го одбранува својот докторски труд на тема „*Теориските проблеми во концилирањето и реализацијата на современото естетско воспитание*“ и се стекнува со звањето *доктор по педагошки науки.*

**2. Наставно-образовна дејност**

Од 1.10.1997 година работи на Педагошкиот факултет во Штип како помлад асистент по предметите *Предучилишна педагогија* и *Семејна педагогија.*

На 10.7.2003 година, Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ - Штип го избира во звањето асистент по предметите *Предучилишна педагогија* и *Семејна педагогија.*

Во 2006 година Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ - Штип го реизбира во звањето асистент по предметите *Предучилишна педагогија* и *Семејна педагогија.*

**3. Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност**

Во изминатиот период учествува на бројни научни собири, конференции, тркалезни маси и објавува повеќе стручни и научни трудови.

**Трудови**

- *Семејството и асоцијалното поведение на децата и младите,* списание „Педагогика“ бр.7, Софија, 2001 година.
- *Современи тенденции во професионалното оспособување на наставниците,* Годишен зборник 1 на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ - Штип, 2001 година.
- *Современи тенденции во остварувањето на соработката помеѓу семејството и предучилишните установи,* Зборник, Образованието на Балканите – традиции и перспективи, Благоевград, 2001 година.
- *Стилот на раководењето на наставникот како примарен фактор во формирањето на социо-емоционалната клима во училиштето,* Зборник, Универзитетска специјалност „социјални деиности“- с стојание, проблеми, перпективи, Софиски универзитет „Свети Климент Охридски", Факултет по педагогика, Софија, 2002 година.
- *Теоретските основи на современата соработка на наставниците и родителите,* „Учителот на 21 век “, Битола - Охрид, 2002 година.
- *Некои согледувања од извршено истражување на соработката на наставниците со родителите на децата со посебни потреби,* Годишен зборник 2 на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ - Штип, 2002 година.
- *Соработката на наставниците со родителите на децата со посебни потреби*, магистерска работа, Институт за педагогија, Филозофски факултет, Скопје, 2002 година.
- *Соработката помеѓу наставниците и родителите на децата со посебни потреби,* Зборник, „Еднаква шанса во образованието и социјалната интеграција“, Пловдив, 2003 година.
- *Значењето и важноста на бајките за развојот на децата од раната возраст*, Зборник, „*Традиции и инновации в дошкольном образовании*“, Москва, 2007 година.
- *Теориските проблеми во конципирањето и реализацијата на современото естетско воспитание*, докторска дисертација, Институт за педагогија, Филозофски факултет, Скопје, 2008 година.

**Учество на научни собири**

- На Меѓународниот научен собир „*Од Вук до компјутеризација на наставата*", Брезовица, 7-8 ноември 1997 година, со тема „*Родителот и описменувањето на детето*".
- На тркалезната маса „*Образованието и политиката*", Скопје, 1999 година.
- На симпозиумот на тема „*30 години педагошка служба во Р. Македонија*", Штип, 2000 година.
- На Меѓународната научна конференција „*Превентивната и корективната дејност на педагогот – содржини и технологии*" од 6 до 11 јули 2001 г. во Китен - Р. Бугарија, со прилог на тема „*Семејството и асоцијалното поведение на децата и младите*".
- На Меѓународниот научен собир „*Образованието на Балканот - традиции и перспективи*" во декември 2001 г. во Благоевград - Р. Бугарија, со прилог на тема „*Современи тенденции во остварувањето на соработката помеѓу семејството и предучилишните установи*".
- На Меѓународните педагошки средби „*Учителот на 21 век*" во Битола и Охрид, од 23 до 26 мај 2002 г., со прилог на тема „*Теоретските основи на современата соработка на наставниците со родителите*".
- На Меѓународната научна конференција „*Еднаква шанса во образованието и социјалната интеграција*" од 11 до 13 април 2003 г. во Пловдив - Р. Бугарија, со прилог на тема „*Соработката помеѓу наставниците и родителите на децата со посебни потреби*".
- На Меѓународната научна конференција „*Традиции и инновации в дошкольном образовании*" од 7 до 9 ноември 2007 г. во Москва - Русија, со свој прилог на тема „*Значењето и важноста на бајките за развојот на децата од раната возраст*".

Анализата на објавените трудови покажува дека интересот на д-р Борче Костов, главно, е насочен кон проблемите на предучилишната педагогија и семејната педагогија, но има трудови кои обработуваат и прашања од социјалната педагогија. Во овој контекст, посебно внимание заслужуваат оние трудови во кои се разработуваат проблемите на соработката на предучилишните установи со семејството, соработката на наставниците и родителите на децата со посебни потреби, семејството и асоцијалното поведение на децата и младите  и сл.

Дел од објавените трудови соодветствуваат со проблематиката која беше предмет на проучување на неговиот докторски труд, во кој кандидатот на еден доста експлицитен начин го опфаќа проблемот на значењето и важноста на бајките за развојот на децата од раната возраст.

Најсериозен научен труд претставува докторската дисертација на тема „*Теориските проблеми во конципирањето и реализацијата на современото естетско воспитание*". Токму затоа поопстојно ќе го анализираме овој труд.

Докторската дисертација на тема „*Теориските проблеми во конципирањето и реализацијата на современото естетско воспитание*", изработена од д-р Борче Костов, ја презентира комплексноста на естетското воспитание, односно ги елаборира теориските и практичните проблеми на ова воспитно подрачје, како неразделна компонента од воспитанието на личноста во целост. Во докторската дисертација  д-р Борче Костов поаѓа од тезата дека убавината е онаа секојдневна и вечно присутна категорија која ги обележува просторот и времето во кое човекот живее, работи, твори, се одмора. Меѓутоа, тоа сепак не значи дека сите ја забележуваат, дека ѝ се воодушевуваат и се трудат да ја создаваат и да ја внесуваат во својот живот и својата работа. Воочувањето, доживувањето, вреднувањето и создавањето на убавото, претставуваат соодветни способности кои на човекот не му се дадени биолошки. Напротив, тие се педагошки предодредени.  Во процесот на естетското

воспитание човекот учи да ја гледа, да ја слуша и чувствува убавината.

Докторската дисертација е поделена во четири дела. Првиот дел ги обработува теориските проблеми на естетското воспитание; вториот дел е посветен на методологијата на истражувањето; третиот дел содржи анализа, интерпретација и коментар на добиените резултати од истражувањето кои се однесуваат на проблемите на реализацијата на естетското воспитание во предучилишното воспитание и образование и основното образование во Република Македонија. Четвртиот дел содржи: резиме, наместо заклучок, библиографија и прилози.

Во контекст на разработката на проблемите со теориска конотација, во докторската дисертација напорите на д-р Борче Костов се фокусираат на следниве прашања: определување на историско-теориските основи на естетското воспитание; определување на основните и изведените поими од подрачјето естетско воспитание; разработка на теориските основи на естетското воспитание; откривање на основните претпоставки кои го детерминираат ова воспитно подрачје во современи услови на живот и работа на човекот; идентификација и разработка на дилемите во теоријата на естетското воспитание; анализа на програмите за работа на детските градинки, со цел да се откријат оние подрачја и елементи кои се во функција на реализацијата на естетското воспитание. Д-р Борче Костов посебно се задржува на анализа на програмите на естетското воспитание во средната група на деца во детската градинка, на возраст од 4 до 5 години и програмите на естеткото воспитание во подготвителната година од основното образование. Поаѓајќи од бараната тенденција за развојност на задачите на естетското воспитание, анализирана е и програмата на подготвителните години на основното образование лоцирани во детските градинки и во основните училишта. Определувањето на поимите претставува еден од основните проблеми во теоријата на естетското воспитание и пошироко во неговата концепциска и системска поставеност, но и во неговата реализација во непосредната воспитна практика. Д-р Борче Костов во докторската дисертација ги анализира и определува поимите: естетско воспитание, естетска оценка, естетско-воспитен процес, естетско чувство, естетски вкус, естетска потреба, естетски идеал и естетски вредности. Посебен акцент става на различните определби на овие поими кај различни автори и различните определби по однос на просторот и времето каде и кога се употребувале и се определува за онаа дефиниција која ја отсликува современата суштина на третираните поими.

Теориските, концепциските, а уште повеќе проблемите на реализацијата на современото естетско воспитание претпоставуваат проследување на развојот на идејата за естетско воспитание од аспект на временска димензија

Во историското ргледување на естетиката и естетското воспитание д-р Борче Костов поаѓа од сознанијата дека човекот почнал да внесува елементи на убавото во животот и работата уште од почетокот на неговото суштествување како хомосапиенс, кога станал и хомоестетикус. Од аспект на предметот на истражување, значаен е фактот што искуствата од областа на убавото луѓето си ги пренесувале од еден на друг и од една генерација на друга, како први обиди на естетското воспитание. Проследувајќи го развојот на естетското воспитание низ сите општествени формации, д-р Борче Костов посебно го акцентира периодот по Втората светска војна кога естетското воспитание добива во својот интензитет. „Виновници“, вели тој, за унапредувањето на естетското воспитание во овој период се: Меѓународното здружение за уметничко воспитание (ФЕА) и Меѓународното здружение за воспитание со помош на уметноста (ИНСЕА) кои го унапределе естетското воспитание и на теориски и на практичен план.

Тие, всушност, ја изградиле новата концепција на естетското воспитание, според која естетското воспитание се става во функција на целосниот развиток на човекот, додека пак уметноста станува интегрален дел на општата култура.

Во поглавјето „Теориските основи на естетското воспитание“ д-р Борче Костов ги анализира категориите убаво и естетика и ги става во функција на подобро разбирање на проблемите на естетското воспитание.

Тој поаѓа од констатацијата дека определбата на поимот убаво е различна и од временски и од просторен аспект. Исто така, авторите кои се занимаваат со проблемот на убавото имаат различни сфаќања за нејзината суштина, нејзината улога во развојот на човекот и во развојот на естетиката и естетското воспитание. Оттука во овој дел од трудот е направен обид да се диференцираат различните ставови кон категоријата убаво, да се коментираат, да се споредат и да се заземе став.

Во контекстот на проблемите со теориски карактер д-р Борче Костов го анализира и определува поимот естетика. Притоа ги наведува оние определби кои се покарактеристични и преку кои се гледа развојната линија на овој поим.

Во контекстот на современите определби на поимот и предметот на естетиката доминираат сфаќањата кои ја определуваат како филозофска дисциплина. Во оваа смисла д-р Борче Костов го истакнува ставот дека како што е логиката филозофско размислување за законите на секоја вистина, а етиката филозофско размислување за психологијата на индивидуалното и општественото делување, естетиката треба да биде филозофско размислување за уметноста и за критиката и историјата на уметноста.

Во оваа расправа д-р Борче Костов се задржува и на полемиката по прашањето дали естетиката е објективна или субјективна наука, поточно, дали убавото е нешто кое е надвор од творецот на делото и тоа му се наметнува однадвор на авторот или е субјективно видување на авторот, при што завршува со констатацијата дека современата естетика раскрстила со проблемот на одвојувањето на субјективното и објективното во естетиката и современите настојувања одат во насока на нивно соединување и нивна соработка.

Во теорискиот дел на трудот д-р Борче Костов анализира и некои позначајни расправи за естетското воспитание врз кои се фундира современото естетско воспитание. Во таа насока ги анализира учењата на Шилер, Рид, Дјуи и современото учење на естетското воспитание од Роналд Мур.

Естетското воспитание во современи услови добива нови димензии и ново значење за индивидуалниот развиток на секој човек и за животот на современото општество. Во оваа смисла кандидатот д-р Борче Костов зборува за претпоставки кои ја условуват потребата од естетско воспитание, и уште повеќе, ја детерминираат неговата системска и концепциска поставеност и неговата реализација. Современата теорија на естетското воспитание потполно го прифаќа ставот дека постојат општествени и индивидуални претпоставки кои ја детерминираат потребата од естетското воспитание и естетските вредности кои треба да го проткајуваат животот на денешниот човек.

Во докторската дисертација едно цело поглавје е посветено на откривањето, анализата и разрешувањето на дилемите кои се поставуваат во естетиката и естетското воспитание. Во тој контекст кандидатот посебно ја разработува дилемата за тоа: дали да се зборува за естетика и естетско воспитание или за уметност и уметничко воспитание. Потоа дилемата која е присутна и денес, дали естетиката треба да биде објективна или субјективна. Современото сфаќање, според кое естетиката е истовремено и објективна и субјективна, на естетското воспитание му дава смисла и содржина и го прави неопходно во целокупниот процес на уметничко творење, но и внесување на законите на убавото во животот и работата.

Една од дилемите кои ги разработува д-р Борче Костов е дали основен проблем на естетиката е убавото во уметноста или убавото во природата?

Според д-р Борче Костов прифатлива е тезата дека убавото е категорија која е присутна и во уметничките дела како творби на творците од одделни уметнички подрачја, но убавото е категорија која ја среќаваме во животот, работата и светот кој нѐ опкружува.

Прифаќањето на таквиот став му дава широка димензија на естетското воспитание. Поточно, тоа треба да се остварува и преку подрачјата со тесно уметнички карактер, но и преку подрачјата кои не се во групата уметнички предмети и области.

Класична дилема во естетиката и естетското воспитание е и онаа која се однесува на прашањето дали за естетска вредност станува збор само тогаш кога уметничкото дело покажува нешто убаво и средено, или уметничкото дело има естетска вредност и тогаш кога се прикажуваат луѓе, животни, предмети и сл. кои сами по себе се грди.

Д-р Борче Костов како посебно значајна дилема, која директно се однесува на поставеноста и реализацијата на естетското воспитание, ја истакнува дилемата дали естетското воспитание единствено да се реализира преку содржините и барањата на наставните предмети кои имаат уметнички карактер или да биде поставено како општ принцип кој треба да се остварува во целокупната воспитно-образовна дејност.

Поставената дилема добива разрешница преку анализата на тоа колку и како задачите на естетското воспитание се реализираат преку наставните предмети и активности кои имаат уметнички карактер и оние кои немаат директен уметнички карактер. Тоа значи дека естетското воспитание треба да се реализира и преку посебните наставни предмети кои имаат уметнички карактер, но и како принцип во целокупната воспитно-образовна работа во училиштето.

Едно од клучните прашања на естетското воспитание, кое посебно е експонирано низ литературата и во докторската дисертација, е прашањето дали во процесот на естетското воспитание акцентот треба да се стави на развитокот на интелектуалните и моралните сили на личноста, или основа на ова воспитание треба да биде развитокот на емоционалните сили на човекот.

Наведените дилеми кои се поставуваат и разработуваат во докторската дисертација имаат и свое практично значење. Имено, приклонувањето на естетиката кон животот, или формата, или сознанието, или дејноста, или пак чувствата, ја менува суштината и карактерот на естетското воспитание.

Естетското воспитание ги соединува сите наведени елементи, што може да се види од неговите задачи: проценување и забележување на убавото и естетските вредности, доживување на естетските вредности и напор кон оспособување за творење.

За согледување на концепциската и системската поставеност на естетското воспитание, во докторската дисертација е направена детална анализа на програмската поставеност на естетското воспитание на подготвителните години од основното образование дадена во *Основите на воспитно-образовната дејност во подготвителната година* и во средната група на деца од детските градинки дадена во *Програмата за воспитно-образовна дејност во предучилишното воспитание и образование* кои беа актуелни кога било спроведено истражувањето.

Естетското воспитание е составен дел на сите програми на воспитно-образовната дејност во предучилишното и основното воспитание и образование. Меѓутоа, тоа има различен карактер, различен назив на подрачјата кои се негови комоненти, различна цел и задачи, различни содржини и сл.

Општиот заклучок во дисертацијата го води д-р Борче Костов до сознанието дека естетското воспитание е добро програмирано и во програмите се опфатени задачите на естетското воспитание во нивната целосност.

Во вториот дел од трудот се презентирани методолошките компоненти на истражувањето кои за предмет на проучување ја имаат реализацијата на естетското воспитание во детските градинки и основните училишта.

Цел на истражувањето е да се добијат сознанија за тоа каква е реализацијата на естетското воспитание во предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија. Од целта на истражувањето се поставени бројни задачи и

хипотези кои опстојно се обработуваат и докажуваат во истражувањето. Истражувањето е спроведено во Скопје и Штип, во кое се опфатени 34 основни училишта и 9 градинки.

Бидејќи станува збор за истражување фокусирано на реализацијата на естетското воспитание, вниманието во докторската дисертација се насочува кон истражување на одделни области од уметничкото воспитание (музичко, ликовно, литература), но и на активности кои според концепциската поставеност на предучилишното и основното воспитание и образование немаат директно уметнички карактер (физичко воспитание, природа и општество, слободни активности и игровни активности).

Прашањата преку кои д-р Борче Костов доаѓа до релевантни сознанија се поделени во три групи. Во првата група се прашања со кои се доаѓа до општи податоци за името на установата, градот, образовното ниво на воспитувачите и наставниците, стажот поминат на работа во градинка или училиште и нивниот образовен профил. Втората група на прашања се насочени кон добивање сознанија за условите во кои работат избраните градинки и училишта, посебно оние кои се директно поврзани со успешното реализирање на естетското воспитание.Третата група на прашања имаат за цел да откријат како се реализираат задачите на естетското воспитание и тоа преку подрачјата кои имаат уметнички карактер, но и преку другите активности и предмети и преку активностите на слободното време на децата во детските градинки и на учениците од основните училишта.

Наведените групи на прашања д-р Борче Костов не ги определува случајно, туку тие директно одговараат на задачите на естетското воспитание.

Анализата и обработката на податоците е квантитативна и квалитативна. Д-р Борче Костов табеларно и графички ги претставува податоците, со пресметана фреквенција, процент и мод. Во функција на дескрипција на одделни варијабли е пресметана аритметичка вредност и е одреден ранг. За утврдување на степенот на поврзаност меѓу варијаблите, кандидатот го користел коефициентот на контингенција. За тестирањето на хипотезите по однос на степенот на значајност на разликите е пресметан хи-квадрат тест.

Третиот дел од дисертацијата ја опфаќа анализата, интерпретацијата и коментарот на добиените резултати од истражувањето.

Анализата на добиените резултати д-р Борче Костов ја започнува со анализа на резултатите добиени од истражувањето во подготвителните години на основното образование и тоа на оние кои се лоцирани во детските градинки и оние кои се лоцирани во основните училишта. Д-р Борче Костов во овој дел од докторската дисертација со доследен методолошки пристап ги определува карактеристиките кои се однесуваат на прашањата за реализацијата на естетското воспитание и нивната класификација во одделни групи кои се однесуваат на тестирањето на хипотезите кои претходно ги поставува.

На крајот од овој дел, врз основа на анализите и сознанијата до кои доаѓа, ја потврдува главната хипотеза, односно: реализацијата на естетското воспитание во средните групи на предучилишното воспитание и подготвителните групи на основното образование корелира со програмските барања.

Во четвртиот дел од трудот кандидатот во своето резиме ги презентира заклучните согледувања каде што нуди препораки и сугестии за надминување на некои теориски дилеми и практични проблеми на реализацијата на естетското воспитание.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на анализата на целокупната научна работа на д-р Борче Костов, објавените трудови и докторската дисертација, слободно и аргументирано нè упатуваат на заклучок дека сите имаат своја стручна и научна тежина, преку кои се гледа оспособеноста на овој научен работник за согледување, проучување и научно разрешување на педагошките проблеми. Особено објавените трудови и докторската дисертација нè упатуват на сознанието дека д-р Борче Костов сериозно се носи со проблемите на предучилишната, семејната и социјалната педагогија.

Овој кандидат покажува многу сериозен пристап и во работата со студентите. Неговите часови за вежби секогаш се осмислени, а проблематиката достапно им е презентирана на студентите.

Она што посебно го краси овој кандидат се позитивните човечки особини кои ги поседува и лесната комуникација која ја остварува и со студентите и со колегите на Педагошкиот факултет.

Оттука, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **д-р Борче Костов да го избере во звањето доцент** за наставно-научна област *педагогија* по предметите: *Предучилишна педагогија, Семејна педагогија* и *Социјална педагогија.*

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Анета Баракоска, с.р**

**Доц. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, с.р.**

**Проф. д-р Блаже Китанов, с.р.**